Влада на Република Северна Македонија
Бр.4401-17/71

# З А П И С Н И К
од Седумдесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 22 јуни 2020 година

Скопје, јуни 2020 година

# З А П И С Н И К
## од Седумдесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 22 јуни 2020 година

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 18:55 часот.

Со седницата претседаваа претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Оливер Спасовски, како и заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска.

На седницата учествуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Мила Царовска, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Садула Дураки, членовите на Владата на Република Северна Македонија д-р Рената Дескоска, министер за правда, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, м-р Наќе Чулев, министер за внатрешни работи д-р Нина Ангеловска, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, д-р Венко Филипче, министер за здравство, Хусни Исмаили, министер за култура, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, Елвин Хасан, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Музафер Бајрам, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Северна Македонија, Зорица Апостолска министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и Хисен Џемаили, министер без ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестициската клима за домашните претпријатија, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата учествуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Северна Македонија на седницата учествуваа и Благе Цветковиќ, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, Ѓонул Бајрактар, заменик на министерот за труд и социјална политика, Владимир Лазовски, заменик на министерот за култура, како и Лирим Шабани, државен секретар во Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците и Кирил Парталов, државен секретар во Министерството за локална самоуправа.

На седницата учествуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Муамет Хоџа, портпарол на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата не учествуваа Трајан Димковски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука, Горан Милевски, министер за локална самоуправа и д-р Бардул Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции.

*

*     *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

## ДНЕВЕН РЕД

1. Записник од Осумдесеттиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 20 јуни 2020 година

2. Записник од Осумдесет и првиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 22 јуни 2020 година

3. Информација за донесување на Предлог - одлука за намера за намалување на основната главнина на Трговското друштво Нафтовод ДООЕЛ Скопје

4. Барање на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта - Ц.О. Скопје за нафтени деривати без надомест од Дирекција за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати - Скопје на Република Северна Македонија, со Предлог - одлука

5. Барање за донесување на Одлука за отстапување на 150.000 литри Еуродизел БС гориво од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати на Железници на Република Северна Македонија (ЖРСМ) Транспорт АД - Скопје, со Предлог - одлука

6. Предлог - одлука за давање согласност за утврдување на висина на бод за пресметка на плати на вработените во АД Аеродроми на Република Северна Македонија за 2020 година

7. Барање за усвојување на предлог мислења за одобрување на COVID 19 Финансискиот пакет за олеснување и поддршка на ликвидноста на државите и нивните даватели на услуги во воздухопловна навигација бр.App:/PC/20-08-DGD20_0297 и Информација за изземање на мерката за намалување на платите на вработените од преземените антикризни економски мерки усвоени на 36–та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 6 април 2020 година (бр.44-2863/1)

8. Предлог - одлука за давање на согласност на Тарифата на Централен регистар на Република Северна Македонија

9. Информација за давање согласност за отуѓување на градежно земјиште во границите на ГП 12 и ГП 13 од Урбанистички план за вон населено место Таринци, изготвен од „Дизајн Центар Инженеринг„ - Кавадарци со Тех бр. 2589 од 2012 година, донесен од Одлука број 0701-1052/13 од 31.10.2012 година од Советот на Општина Карбинци, сопственост на Република Северна Македонија за изградба на фотоволтаични електрични централи во Општина Карбинци

10. Барање за донесување на одлука за пренесување на недвижни ствари во сопственост на Општина Кочани без надоместок

11. Предлог - уредба со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за локална самоуправа за време на вонредна состојба

12. Информација со Предлог - уредба со законска сила за примена на Законот за урбанистичко планирање за време на вонредна состојба

13. Предлог - уредба со законска сила за изменување на Уредбата со законска сила за финансиска поддршка на граѓани и вработени лица со низок доход, млади лица и здравствени работници преку издавање на домашна платежна картичка наменета за купување на македонски производи и услуги за време на вонредна состојба

14. Предлог - уредба со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за акцизите* за време на вонредна состојба

15. Предлог - уредба со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за данокот на личен доход за време на вонредна состојба

16. Предлог - уредба со законска сила за изменување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за данокот на добивка за време на вонредна состојба

17. Информација со Предлог - одлука за продажба на движни ствари - моторни возила

18. Информација за начинот на располагање со движни ствари - опрема за производство на еколошки фрижидери преземени од стечајниот должник АД ХП „Фринко - Фрижидери за домаќинство“ Битола

19. Информација за склучување на Меморандум за разбирање за макрофинансиска помош на Република Северна Македонија со Европската Унија во износ до 160 милиони евра

20. Информација за продажба на недвижни ствари во Струга сопственост на Република Северна Македонија - корисник Министерство за финансии, со Предлог - одлука за продажба на недвижни ствари

21. Предлог - програма за конкурентност, иновации и претприемништво КОВИД -19

22. Информација во врска со одржување Годишно собрание на акционери на ЕВН Македонија АД, Скопје, закажано за 26 јуни 2020 година

23. Информација во врска со поднесено барање за категоризација на угостителски објект за сместување од хотел НБ & СПА, Тетово, со Предлог - решение за утврдување на категорија на угостителски објект

24. Предлог – одлука за давање согласност за пренос на концесија за експлоатација на минералната суровина – варовник на локалитетот "Сурин", Општина Јегуновце од Друштвото за градежништво, производство и, услуги СУРИН Станимир Богојевски ДООЕЛ експорт-импорт с.Старо Село Вратница на Друштвото за производство, трговија и услуги ШАЗА ДООЕЛ с.Слатино, Теарце

25. Предлог – одлука за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – песок и чакал на Друштвото за производство, трговија и услуги Дијаманте 2019 ДООЕЛ увоз-извоз Виница на локалитетот "Топликот", Општина Виница

26. Предлог – одлука за продолжување на концесијата за експлоатација на минерална суровина – доломит на Акционерското друштво за производство на неметални минерали Силика – минерал увоз-извоз Прилеп на локалитетот „Брест" с.Суви Дол, Општина Македонски Брод

27. Предлог - одлука за давање на правото на трајно користење на градежно земјиште на Општина Кочани

28. Информација за предлог Анекс Договор бр.2 за доделување на државна помош на Кранфилд Фаундри ДООЕЛ Скопје

29. Предлог - договор за доделување на државна помош на Друштво за производство, трговија и услуги ВИК Македонија ДООЕЛ с.Алинци, Прилеп и Предлог - одлука за давање согласност на договорот за доделување на државна помош на Друштво за производство, трговија и услуги ВИК Македонија ДООЕЛ с. Алинци, Прилеп - корисник на Технолошко индустриската развојна зона Прилеп

30. Предлог - уредба со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за прашања поврзани со изборите за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија на 15 јули 2020 година

31. Предлог - уредба со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за финансирање на политичките партии во 2020 година

32. Предлог - уредба со законска сила за примена на Законот за административните такси за време на вонредна состојба

33. Предлог - уредба со законска сила за изменување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за странци (*) за време на вонредна состојба

34. Предлог - уредба со законска сила за примена на Законот за електронските комуникации за време на вонредна состојба

35. Информација за спроведување на набавката за продолжување на поддршката за лиценците набавени за Националните ИКТ проекти

36. Предлог - уредба со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за издавање на ваучери на млади лица за обуки за дигитални вештини заради подобрување на нивната конкурентност на пазарот на трудот за време на вонредна состојба

37. Предлог - уредба со законска сила за изменување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за данокот на додадена вредност за време на вонредна состојба

38. Предлог - уредба со законска сила за изменување на Уредбата со законска сила за финансиска поддршка на филмските работници за време на вонредна состојба

39. Информација за содржината на Програмата за изменување на Програмата за изградба на нови објекти и за реконструкција, санација и адаптација на постојните објекти што ги користат националните установи од областа на културата за 2020 година, со Предлог -одлука

40. Информација за продолжување на ангажирањето на 5 лица со договор за дело во НУ „Музеј на македонската борба за самостојност"-Скопје

41. Информација за потребата од ослободување од плаќање на административни трошоци на неевидентираните лица во матична книга на родени

42. Информација за давање позитивно мислење за основање на општинско основно музичко училиште „Општинско основно музичко училиште - Струга" во Општина Струга

43. Статут на Прв приватен Универзитет-ФОН (доставен под бр.03-451/1 од 8 јуни 2020 година)

44. Решение на Уставниот суд на Република Северна Македонија У.бр.60/2020 донесено на седницата одржана на 14 мај 2020 година за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 1 точки 2 и 3 од Одлуката за изменување на Одлуката за забрана и посебен режим на движење на територијата на Република Северна Македонија, донесена од Владата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.107/2020)

45. Прашања и предлози

46. Кадровски прашања

47. Предлог - уредба со законска сила за примена на Законот за културата за време на вонредна состојба

48. Предлог - одлука за давање на трајно користење на градежно земјиште на Општина Кавадарци

49. Информација во врска со назначувањето на националниот оператор на пазар на електрична енергија – МЕМО ДООЕЛ Скопје за оператор на организираниот пазар на електрична енергија, со Предлог-одлука

50. Информација со Предлог - уредба за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за градежно земјиште за време на вонредна состојба

51. Предлог - уредба со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за време на вонредна состојба

52. Информација во врска со реализација на проектот „Рехабилитација и проширување на канализационата мрежа во Градот Скопје“

53. Информација во врска со статусот на реализација Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Железна со реф.бр. 15, МХЕЦ Железна со реф.бр. 17 на Концесионерот Хидроген енерџи груп ДОО од Скопје

54. Информација во врска со статусот на реализација Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Орешка со реф.бр. 308 на Концесионерот РДЛ Соул Електрани ДОО Скопје

55. Информација со предлог одлука за давање на согласност на Правилникот за висината на надоместокот за извршените работи на Државниот инспекторат за земјоделство (Службен весник на Република Северна Македонија бр.162/15, 227/15, 142/16, 180/16 и 153/17)

*

*      *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата го разгледа Записникот од Осумдесеттиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 20 јуни

2020 година и согласно предлозите изнесени во расправата на седницата ги усвои следните заклучоци:
1. Го усвои Записникот од Осумдесеттиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 20 јуни 2020 година.

2. Го усвои Протоколот за постапување на средните училишта за време на полагањето на квалификацискиот испит во учебната 2020/2021 година, кој да се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Согласно ова, Владата донесе Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за мерки за спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, која е составен дел од точка 2 од Дневниот ред.

**Точка 2**

Владата го разгледа Записникот од Осумдесет и првиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 22 јуни 2020 година и согласно предлозите изнесени во расправата на седницата ги усвои следните заклучоци:

1. Го усвои Записникот од Осумдесет и првиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 22 јуни 2020 година.

2. Го усвои Протоколот за отворање и работа на приредувачите на игри на среќа во автомат клуб и Протоколот за отворање и работа на приредувачите на игри на среќа во Казино, кои да се објават во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Согласно ова, Владата донесе Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за мерки за спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19.

3. Да престане да важи забраната за организиран превоз на патници од и во подрачјето на Општина Тетово, од општините Теарце, Боговиње, Желино, Врапчиште, Гостивар, Јагуновце, Брвеница, Маврово и Ростуше и Град Скопје.

Согласно ова, Владата донесе Одлука за престанок на важење на Одлуката за забрана и посебен режим на движење на територијата на Република Северна Македонија.

**Точка 3**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за донесување одлука за намера за намалување на основната главнина на Трговското друштво Нафтовод

ДООЕЛ Скопје, со Предлог-одлука поради потребата од дополнителни усогласувања.

**Точка 4**

Владата по Барањето нафтени деривати без надомест од Дирекција за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати - Скопје на Република Северна Македонија, со Предлог-одлука, го донесе новиот текст на Одлуката за отстапување на нафтени деривати од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта - Скопје ц.о., во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи трошоците за акциза и ДДВ да бидат на товар на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта - Скопје ц.о.

**Точка 5**

Владата по Барањето за донесување на Одлука за отстапување на 150.000 литри Еуродизел БС гориво од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД - Скопје, со Предлог-одлука, го донесе новиот текст на Одлуката за отстапување на нафтени деривати од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД - Скопје, во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи трошоците за акциза и ДДВ да бидат на товар на Железници на Република Северна Македонија АД-Скопје.

**Точка 6**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на бодот за пресметка на платите на вработените во Акционерско друштво за аеродромски услуги Аеродроми на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје за 2020 година (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 7**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата во врска со Барањето за усвојување на предлог мислења за одобрување на COVID 19 Финансискиот пакет за олеснување и поддршка на ликвидноста на државите и нивните даватели на услуги во воздухопловна навигација бр. App:/PC/20-08-DGD20_0297 и Информацијата за изземање на мерката за намалување на платите на вработените од преземените антикризни економски мерки усвоени на 36-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 6.4.2020 година (бр.44-2863/1), како материјал за информирање.

Д-р Рената Дескоска, министер за правда се иззема од расправата по оваа точка.

**Точка 8**

Владата го донесе новиот текст Одлуката за давање согласност на Тарифата на Централен регистар на Република Северна Македонија, во предложениот текст.

**Точка 9**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за давање согласност за отуѓување на градежно земјиште во границите на ГП 12 и ГП 13 од Урбанистички план за вон населено место Таринци, изготвен од „Дизајн Центар Инженеринг“ - Кавадарци со Тех. бр. 2589 од 2012 година, донесен со Одлука број 0701-1052/13 од 31.10.2012 година од Советот на Општина Карбинци, сопственост на Република Северна Македонија, за изградба на фотоволтаични електрични централи во Општина Карбинци, со предлог-одлуки, поради потребата од усогласување на материјалот со Секретаријатот за законодавство и Агенцијата за катастар на недвижности.

**Точка 10**

Владата по Барањето за донесување на Одлука за пренесување на недвижни ствари во сопственост на Општина Кочани без надоместок, со Предлог-одлука, ја донесе Одлуката за пренесување на недвижни ствари во сопственост на Општина Кочани, која предлагачот ќе ја усогласи со Секретаријатот за законодавство и Агенцијата за катастар на недвижности.

**Точка 11**

Владата го донесе најновиот текст на Уредбата со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за локалната самоуправа за време на вонредна состојба, во предложениот текст.

**Точка 12**

Владата на предлог на предлагачот ја симна од Дневниот ред Предлог-уредбата со законска сила за примена на Законот за урбанистичко планирање за време на вонредна состојба.

**Точка 13**

Владата ја донесе Уредбата со законска сила за изменување на Уредбата со законска сила за финансиска поддршка на граѓани и вработени лица со низок доход, млади лица и здравствени работници преку издавање на домашна платежна картичка наменета за купување на македонски производи и услуги за време на вонредна состојба, во предложениот текст.

**Точка 14**

Владата ја донесе Уредбата со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за акцизите за време на вонредна состојба, со заклучок предлагачот да се усогласи со Секретаријатот за законодавство, како и во делот на дипломатските и конзуларните претставништва.

**Точка 15**

Владата ја донесе Уредбата со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за данокот на личен доход за време на вонредна состојба, во предложениот текст.

**Точка 16**

Владата ја донесе Уредбата со законска сила за изменување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за данокот на добивка за време на вонредна состојба, во предложениот текст.

**Точка 17**

Владата ја разгледа и ја усвои Информацијата со Предлог - одлука за продажба на движни ствари - моторни возила и ја донесе Одлуката за продажба на движни ствари - моторни возила, со заклучок да се изврши редакциско усогласување со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 18**

Владата ја разгледа Информацијата за начинот на располагање со движни ствари - опрема за производство на еколошки фрижидери преземени од стечајниот должник АД ХП „Фринко-Фрижидери за домаќинство" Битола, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за правда-Биро за судски вештачења да изврши проценка на движните ствари - опрема за производство на еколошки фрижидери преземена од стечајниот должник АД ХП „Фринко-Фрижидери за домаќинство" Битола според фактичката состојба на лице место во складот на Агенцијата за управување со одземен имот во Тетово (фабрика АД „Тетекс" Тетово), а доколку истото не е во можност да изврши процена, да ангажира овластен проценител од соодветната област за да направи процена на предметната опрема.

**Точка 19**

Владата ја разгледа и ја усвои Информацијата за склучување на Меморандум за разбирање за макрофинансиска помош на Република Северна Македонија со Европската Унија во износ до 160 милиони евра, со следните заклучоци:

1. Го прифати текстот на Меморандумот за разбирање за макрофинансиска помош на Република Северна Македонија во износ до 160 милиони евра.

2. Го ополномошти министерот за финансии да го потпише Меморандумот за разбирање за макрофинансиска помош на Република Северна Македонија во износ до 160 милиони евра.

3. Се задолжува Министерството за финансии до октомври 2020 година:
а) да го испрати до Единствениот национален електронски регистар на прописи на Република Северна Македонија (ЕНЕР) Нацрт-законот за буџети заради консултации со јавноста,

б) да објави Фискална стратегија за 2021-2023 година со сеопфатна среднорочна фискална рамка,

в) да подготви прелиминарна анализа на постојните даночни олеснувања и повластените даночни стапки и проценка на нивното влијание врз јавните приходи и нивното економско значење и

г) да објавува квартални извештаи за приходите и расходите на претпријатијата во државна сопственост и јавните претпријатија на ниво на централната државна власт, како и консолидирани податоци за кварталната реализација на приходите и расходите на општините, на веб-страницата на Министерството за финансии.

4. Се задолжува Министерството за економија до октомври 2020 година:
а) да подготви Извештај за напредокот во подготовката на измените на Законот за јавно-приватно партнерство и да го достави до Министерството за финансии и
б) да објави листа на парафискални давачки на централно и локално ниво, вклучувајќи ја нивната вредност, на веб-страница за таа намена.

5. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата до октомври 2020 година да објавува на веб-страница за таа намена, сеопфатни информации за усвојувањето и спроведувањето на мерките за поддршка во вонредна состојба предизвикана од КОВИД-19, вклучувајќи квартални извештаи за износите на помошта, по категорија корисници, како и условите и критериумите за распределба на средствата за поддршка.

Исто така, треба да се објават и идентитетот и износите доделени на 50-те најголеми корисници на помош во секој квартал, во согласност со националните законски услови за доверливост.

6. Се задолжува Министерството за правда до октомври 2020 година да ги достави до Министерството за финансии Стратегијата за човечки ресурси за судството и Стратегијата за човечки ресурси за јавното обвинителство.

7. Се задолжуваат Министерството за финансии и Народна банка на Република Северна Македонија до октомври 2020 година да одржуваат редовни состаноци на Комитетот за финансиска стабилност и да подготват Нацрт-закон за појаснување на макропрудентниот мандат на Народната банка.

8. Се задолжува Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија до октомври 2020 година да формира Одделение за вработување млади лица во рамките на Секторот за активни мерки за вработување.

## Точка 20

Владата ја разгледа Информацијата за продажба на недвижни ствари во Струга, сопственост на Република Северна Македонија - корисник Министерство за финансии, со нов текст на Предлог - одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за продажба на недвижни ствари во Струга, во предложениот текст.

## Точка 21

Владата ја симна од Дневен ред Предлог-програмата за конкурентност, иновации и претприемништво - КОВИД-19.

**Точка 22**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со одржување Годишно собрание на акционери на ЕВН Македонија АД Скопје, закажано за 26 јуни 2020 година и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се овластува лицето Исмаил Љума, согласно член 392 од Законот за трговските друштва, во својство на полномошник на Владата на Република Северна Македонија, како акционер во ЕВН Македонија АД Скопје, да присуствува на Собранието на акционерите на ЕВН Македонија АД Скопје, закажано за 26 јуни 2020 година, со почеток во 14 часот.

Издаденото полномошно да биде заверено кај нотар.

2. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да го извести ЕВН Македонија АД Скопје за издаденото полномошно.

3. По однос на делот насловен како ПРОЦЕДУРАЛЕН ДЕЛ (со вкупно 4 точки) се овластува полномошникот на Владата на Република Северна Македонија да гласа „ЗА" и тоа по однос на точките:

1) Избор на Претседавач на Собранието;
2) Верификација на списокот на присутни акционери односно полномошници на акционери;
3) Утврдување на бројот на гласови за работа и одлучување (кворум) на Собранието на друштвото и
4) Избор на бројач/и на гласови.

4. По однос на делот насловен како РАБОТЕН ДЕЛ, се задолжува полномошникот на Владата на Република Северна Македонија да гласа на следниот начин:

За точка 1 „Предлог-одлука за одобрување на Извештајот на ревизорот, заедно со Годишната сметка, финансиските извештаи и Годишниот извештај за работата на ЕВН Македонија АД Скопје за деловната 2019 година „Расправа на Годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи на Друштвото за 2019 година", да гласа „ЗА".

За точка 2 „Предлог-одлука за усвојување на Писмениот извештај за резултатите од контролата над управувањето со Друштвото за деловната 2019 година, подготвен од надзорниот одбор на ЕВН Македонија АД Скопје", да гласа „ЗА".

За точка 3 „Предлог-одлука за одобрување на работата на члeновите на Надзорниот одбор и на члeновите на Управниот одбор на ЕВН Македонија АД Скопје, да гласа „ЗА".

За точка 4 „Предлог-одлука за распределба на добивка остварена по Годишната сметка и финансиските извештаи за деловната 2019 година", да гласа „ЗА".

За точка 5 „Предлог-одлука за избор на овластен ревизор за деловната 2020 година на ЕВН Македонија АД Скопје", да гласа „ЗА".

За точка 6 „Предлог-одлука за одобрување на Консолидираната годишна сметка, Консолидираниот финансиски извештај со Извештајот од ревизорот и консолидираниот Годишен извештај за деловната 2019 година", да гласа „ЗА".
За точка 7 „Предлог-одлука за промена на седиштето на ЕВН Македонија Акционерско друштво за услуги Скопје" да гласа „ЗА".

За точка 8 „Предлог-одлука за измена и дополнување на Статутот на ЕВН Македонија Акционерско друштво за услуги Скопје бр.01-2779/1 од 18.12.2019 година", да гласа „ЗА".

**Точка 23**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесено барање за категоризација на угостителски објект за сместување од хотел НБ & СПА, Тетово, со Предлог - решение за утврдување на категорија на угостителски објект, ја усвои и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект, во предложениот текст.

**Точка 24**

Владата ја симна од Дневниот ред Предлог-одлуката за давање согласност за пренос на концесија за експлоатација на минералната суровина – варовник на локалитетот „Сурин", Општина Јегуновце од Друштвото за градежништво, производство и услуги СУРИН Станимир Богојевски ДООЕЛ експорт-импорт с.Старо Село Вратница на Друштвото за производство, трговија и услуги ШАЗА ДООЕЛ с.Слатино, Теарце, имајќи го предвид негативното мислење на Министерството за финансии.

**Точка 25**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – песок и чакал на Друштвото за производство, трговија и услуги Дијаманте 2019 ДООЕЛ увоз-извоз Виница на локалитетот „Топликот", Општина Виница, во предложениот текст.

**Точка 26**

Владата ја донесе Одлуката за продолжување на концесијата за експлоатација на минерална суровина - доломит на Акционерското друштво за производство на неметални минерали  Силика - минерал увоз - извоз Прилеп на локалитетот „Брест" с.Суви Дол, Општина Македонски Брод (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 27**

Владата ја донесе Одлуката за давање на правото на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Општина Кочани, во предложениот текст.

**Точка 28**

Владата ја разгледа Информацијата за предлог Анекс Договор бр.2 за доделување на државна помош на Кранфилд Фаундри ДООЕЛ Скопје, ја усвои Информацијата и ја овласти Зорица Апостолска, министер без ресор, задолжена за привлекување странски инвестиции да го потпише предложениот Анекс бр.2 кон Договорот за доделување на државна помош на Друштвото за производство и трговија Кранфилд Фаундри ДООЕЛ Скопје.

**Точка 29**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог - договорот за доделување на државна помош на Друштво за производство, трговија и услуги ВИК Македонија ДООЕЛ с.Алинци, Прилеп, со Предлог - одлука за давање согласност на Договорот за доделување на државна помош на Друштво за производство, трговија и услуги ВИК Македонија ДООЕЛ с.Алинци, Прилеп - корисник на Технолошко индустриската развојна зона Прилеп, поради потребата предлагачот да обезбеди мислење по материјалот од Комисијата за заштита на конкуренцијата.

**Точка 30**

Владата го донесе најновиот текст на Уредбата со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за прашања поврзани со изборите за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија на 15 јули 2020 година, во предложениот текст.

Уредбата е донесена со еден глас против.

**Точка 31**

Владата ја донесе Уредбата со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за финансирање на политичките партии во 2020 година, во предложениот текст.

**Точка 32**

Владата на предлог на предлагачот ја симна од Дневниот ред Предлог-уредбата со законска сила за примена на Законот за административните такси за време на вонредна состојба.

**Точка 33**

Владата ја донесе Уредбата со законска сила за изменување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за странци (*) за време на вонредна состојба, во предложениот текст.

**Точка 34**

Владата ја донесе Уредбата со законска сила за примена на Законот за електронските комуникации за време на вонредна состојба, во предложениот текст.

**Точка 35**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за спроведување на набавката за продолжување на поддршката за лиценците набавени за националните ИКТ проекти, поради потребата од дополнителни усогласувања на Министерството за информатичко општество и администрација со Бирото за јавни набавки и Државното правобранителство на Република Северна Македонија.

**Точка 36**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-уредбата со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за издавање на ваучери на млади лица за обуки за дигитални вештини заради подобрување на нивната конкурентност на пазарот на трудот за време на вонредна состојба.

**Точка 37**

Владата ја симна од Дневен ред Предлог-уредбата со законска сила за изменување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за данокот на додадена вредност за време на вонредна состојба, на предлог на предлагачот.

**Точка 38**

Владата УСЛОВНО ја донесе Уредбата со законска сила за изменување на Уредбата со законска сила за финансиска поддршка на филмските работници за време на вонредна состојба, со заклучок предлагачот да провери дали е надминат рокот за поднесување барања за користење на финансиска поддршка.

**Точка 39**

Владата на предлог на предлагачот го одложи разгледувањето на Информацијата за содржината на Програмата за изменување на Програмата за изградба на нови објекти и за реконструкција, санација и адаптација на постојните објекти што ги користат националните установи од областа на културата за 2020 година, со Предлог-одлука.

**Точка 40**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за продолжување на ангажирањето на 5 лица со договор за дело во НУ „Музеј на македонската борба за самостојност“ - Скопје, на предлог на предлагачот.

**Точка 41**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од ослободување од плаќање на административни трошоци на неевидентираните лица во матична книга на родени, како материјал за информирање.

**Точка 42**

Владата ја разгледа и ја усвои Информацијата за давање позитивно мислење за основање на општинско основно музичко училиште „Општинско основно музичко училиште - Струга“ во Општина Струга и даде позитивно мислење за основање на ново општинско основно музичко училиште „Општинско основно музичко училиште – Струга“.

**Точка 43**

Владата го разгледа Статутот на Прв приватен Универзитет - ФОН, доставен под бр.03-451/1 од 8 јуни 2020 година и притоа го утврди следново мислење:

Од страна на Прв приватен Универзитет - ФОН до Владата на Република Северна Македонија доставено е барање за мислење за нов Статут, за кој Владата на Република Северна Македонија, со допис бр.44-3540/1 од 19 мај 2020 година даде мислење со забелешки по Статутот.

Од страна на Прв приватен Универзитет - ФОН не е доставен нов Статут по добиените забелешки.

По однос на барањето за добивање позитивно мислење на Одлуката за промена на Статутот на Прв приватен универзитет - ФОН, со бр.07-337/1 од 16.04.2020 година, Владата на Република Северна Македонија не може позитивно да се произнесе од причини што согласно член 214 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/18) постојните универзитети и единиците во нивниот состав и самостојните високообразовни установи запишани во Регистарот на високообразовните установи во Република Северна Македонија во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на Законот за високото образование ќе го усогласат своето работење, ќе ги донесат статутите и другите општи акти утврдени со овој закон.

Статутите и другите општи акти на високообразовните установи донесени пред стапувањето во сила на Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/18), престануваат да важат по истекот на рокот за усогласување со одредбите на овој закон, односно по рокот од три месеци од денот на влегувањето во сила на Законот.

**Точка 44**

Владата го симна од Дневен ред Решението на Уставниот суд на Република Северна Македонија У.бр.60/2020 донесено на седницата одржана на 14 мај 2020 година за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 1 точки 2 и 3

од Одлуката за изменување на Одлуката за забрана и посебен режим на движење на територијата на Република Северна Македонија, донесена од Владата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.107/2020).

## Точка 45

**1.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија за период од 15 јуни 2020 година до 21 јуни 2020 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија."

**2.** По повод укажувањето на доцент д-р Венко Филипче, министер за здравство Владата заклучи да ја донесе Уредбата со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за здравствената заштита за време на вонредна состојба, доусогласена во однос на користењето на услугите во приватните здравствени установи истите да се користат по дадена согласност на Министерството за здравство и Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирусот COVID-19

**3.** Владата по барањето на министерот за внатрешни работи за ангажирање на дополнителен советник во Кабинетот на дополнителниот заменик на министерот за внатрешни работи, даде согласност за ангажирање на дополнителен советник во Кабинетот на дополнителниот заменик на министерот за внатрешни работи.

**4.** Владата го одложи разгледувањето на Известувањето на Центарот за современа ликовна уметност-Прилеп за давање согласност за реализација на Проектот за концептуално и внатрешно уредување на просторот на деловните простории кои му се дадени на користење, поради потребата истото да се разгледа во редовна владина постапка.

## Точка 46

**1.** Владата од должноста членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие „Стрежево" – Битола, ги разреши:

-Никола Марковски
- Славчо Крстевски и
- Добри Петровски.

1.1. Владата за членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие „Стрежево" – Битола, ги именува:

- Милка Стојановска
- Мартин Белокозовски
- Димитар Пипилевски.

**2.** Владата го разреши Александар Најдовски од должноста член на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното претпријатие „Стрежево“ – Битола.

2.1. Владата ја именува Невена Димовска за член на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното претпријатие „Стрежево“ – Битола.

**Точка 47**

Владата ја донесе Уредбата со законска сила за примена на Законот за културата за време на вонредна состојба (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 48**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-одлуката за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Општина Кавадарци, поради потребата предлагачот да обезбеди мислење од Агенцијата за катастар на недвижности.

**Точка 49**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата во врска со назначувањето на националниот оператор на пазар на електрична енергија - МЕМО ДООЕЛ Скопје за оператор на организираниот пазар на електрична енергија, со Предлог - одлука, поради потребата од усогласување на материјалот со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 50**

Владата ја симна од Дневен ред Предлог-уредбата за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за градежно земјиште за време на вонредна состојба.

**Точка 51**

Владата ја донесе Уредбата со законска сила за примена на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за време на вонредна состојба (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 52**

Владата ја разгледа и ја усвои Информацијата во врска со реализација на проектот „Рехабилитација и проширување на канализационата мрежа во Град Скопје“, со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање, во соработка со Министерството за финансии, а по претходна согласност од Град Скопје, по усвојувањето на оваа информација, како и по повлекување на поднесената тужба, да го информираат Изведувачот преку Надзорниот орган да започне постапка за Амандман на договорот за градежни работи со којштo ќе се продолжи рокот за спроведување на градежните активности за дополнителни 140 дена, а со можност за дополнителни околу 40 дена доколку изведувачот достави соодветни документи со кои ќе го поткрепи оштетното побарување за влијание на виша сила (COVID 19), а Надзорот позитивно се произнесе во однос на барањето за оштетно побарување.

2. Се задолжува Министерството за финансии, по обезбедување на потребната согласност од Министерството за животна средина и просторно планирање и Град Скопје, како и по повлекување на поднесената тужба, Амандманот на договорот за градежни работи со којштo ќе се продолжи рокот за спроведување на градежните активности за дополнителни 140 дена, а со можност за дополнителни околу 40 дена доколку изведувачот достави соодветни документи со кои ќе го поткрепи оштетното побарување за влијание на виша сила (COVID 19), а Надзорот позитивно се произнесе во однос на оштетното побарување, да го достави на одобрување до Делегацијата на ЕУ.

3. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање, во соработка со Министерството за финансии, а по претходна согласност од Град Скопје, по усвојувањето на оваа информација, да го информираат Надзорниот орган за потребата од подготовка на Амандман за продолжување на времетраењето на 6 месеци и зголемување на буџетот на договорот во вредност од 102.250 евра на Договорот за надзор.

4. Се задолжува Министерството за финансии, по обезбедување на потребната согласност од Министерството за животна средина и просторно планирање и Град Скопје, Амандманот на договорот за Надзорот да го достави на одобрување до Делегацијата на ЕУ.

5. Се укажува на крајните корисници Град Скопје и ЈП водовод и канализација – Скопје , да ги преземат потребните активности за итно и навремено одговарање на барањата за претпроектирање, поврзани со изработката на техничките решенија за измена на проектот за одредени шахти, со цел избегнување на дополнителни финансиски импликации по однос на оштетни побарувања од страна на изведувачот.

## Точка 53

Владата го разгледа и го усвои најновиот текст на Информацијата во врска со статусот на реализација на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Железна со реф.бр. 15, МХЕЦ Железна со реф.бр. 17 на концесионерот Хидроген енерџи груп ДОО од Скопје и го овласти министерот за животна средина и просторно планирање, во име на Владата на Република Северна Македонија како

концедент да склучи Анекс на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Железна со реф.бр. 15, МХЕЦ Железна со реф.бр. 17, бр.02-4183/1 од 4.5.2015 година, за продолжување на рокот за изградба и почеток на комерцијалното работење до 4.3.2021 година.

**Точка 54**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со статусот на реализација на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Орешка со реф.бр. 308 на концесионерот РДЛ Соул Електрани ДОО Скопје (нов текст) и имајќи го предвид Записникот од Комисијата за вршење на постојан и редовен надзор над начинот на вршење на концесиската дејност ја усвои Информацијата и го овласти министерот за животна средина и просторно планирање, во име на Владата на Република Северна Македонија како концедент да склучи Анекс на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Орешка со реф.бр. 308, со архивски број на Министерството за животна средина и просторно планирање 11-4176/1 од 4.5.2015 година, за продолжување на рокот за изградба и почеток на комерцијалното работење до 5.11.2021 година.

**Точка 55**

Владата ја разгледа Информацијата со Предлог-одлука за давање согласност на Правилникот за висината на надоместокот за извршените работи на Државниот инспекторат за земјоделство („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.162/15, 227/15, 142/16, 180/16 и 153/17), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Правилникот за изменување на Правилникот за висината за надоместокот за извршените работи на Државниот инспекторат за земјоделство, во предложениот текст.

*

*     *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 23:50 часот.

| ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА | ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА |
|---|---|
| **д-р Драги Рашковски** | **Оливер Спасовски** |

Подготвил: Никола Пасков
Контролирал: Љубица Р. Димовска
Согласен: Дејан Јакимовски
Одобрил: Митра Спасовска